# ПРИЛОГ КОН УТОЧНУВАЊЕ НА НЕКОИ ИСТОРИСКИ ФАКТИ ИЗНЕСЕНИ ВО ЗБОРНИКОТ НА ДОКУМЕНТИ ЗА ЖЕНИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА ВО НАРОДНО ОСЛОБОДИТЕЛНАТА ВОЈНА И РЕВОЛУЦИЈАТА 1941 ДО 1945

Како активен учесник во НОВ се гордеам со овој зборник, како признание на жените од Македонија кои, под водството на партијата во време на окупацијата нужно се бореа за таква суштествената система и политичка организација, која ќе му соодвествува на секој наш народ и ќе му се создаде подеднакви услови на секој одделен човек. Зборникот за секоја наша жена борец е траен спомен за оние судбоносни денови, кога таа даваше сè од себе за успех на револуционерната ориентација на Партијата создавање најшироки контакти со масите за нивното борбено поврзување, за развојот на НОБ и револуцијата.

Респектирајќи го повикот на Редакцијата на Зборникот за уточнување на некои историски факти и пополнување на некои празнини, нужно настанати, и покрај сето залагање на авторите мопоради недостиг на документи го приведувам овој свој прилог кон документацијата за кое станува збор, сметајќи дека секој ваков прилог ќе придонесе за премавнување на пропустите, расветлување на историските настани од дадениот период, и во крајна линија, уште повеќе ќе ја подигне научно-историската вредност на оваа и така мошне вредна книга.

## 1. ЖЕНСКА ПОТРОШУВАЧКА ЗАДРУГА

На страна 3 од Зборникот, во фуснота под број 4, се вели „Меѓу формите за легално делување на организираните жени била ползувана институцијата на таканаречената женска потрошувачка задруга која била формирана во Скопје 19. на VII 1940 година и имала повеќе од 100 членки".

Меѓутоа, работите стојат вака. Во почетокот на март 1940 година бев на посебна задача, заедно со другарката Милева Сабо, за згрижување на илегалецот член на Централниот комитет на КПЈ Сретен Жујовиќ. Во почетокот на април, истата година, на состанокот во илегалниот стан на Жујовиќ, Милева Сабо и јас добивме од него конкретни задачи и тоа: Милева Сабо, која беше домакинка, да се вработи во Монополот и таму да ја засили работата, а јас да изнајдам начин на кој жените од Скопје ќе можат легално да се собираат и да се вклучуваат во борбата за целите што ги постави Партијата. Притоа, тој ни објасни дека мораме да ја напуштиме работата во женското движење, болничкиот и шоферскиот курс. Уште на овој состанок е прифатен мојот предлог да се формира женска потрошувачка задруга, во кои би биле опфатени жени и младинки.

По инструкција на Жујовиќ, заминав во Белград, каде што се поврзав со другарките Митра Митровиќ и Душанка Ковачевиќ. Од нив добив упатства и илегални материјал, што ги донесов во Скопје.

Во тоа време, во женското движење се собираат поголема група жени и младинки, со прогресивни и слободарски сфаќања што и овозможи под директива на Партијата, веднаш да се организира актив на жени: Радмила Врањешевиќ, студент (загина кај Дрвар) Денка Димова работничка, Ирина Кнежевиќ, лекар, Лилјана Манева, студент, Деса Миљовска, студент, Маргарита Софијанова, ученичка, Ѓургица Сарапа ученичка, Милева Сабо работничка и Споменка Шикиќ домакинка. Овој актив доби задача да ја организира женската потрошувачка задруга и да ја омасови. Задругата е официјално регистрирана, на 12. VI. 1940 година, во Задружниот сојуз на Југославија, и имаше над 300 членки[1])

## 2. ЖЕНСКА ПАРТИСКА ЌЕЛИЈА

Кога станува збор за женската потрошувачка задруга, не може да се одмине женската пратиска ќелија во Скопје, дотолку повеќе што во Зборникот за неа воопшто не се говори.

Во јули или август, 1940 година, оформена е женска група (Ирина Кнежевиќ, Невка Тмушиќ и Споменка Шикиќ), во станот на Невка Тмушиќ. Групата се занимавала со теоретска работа: разработка на партиски материјали, Историјата на СКП (б), весникот „Пролетер“ и др.

Во октомври истата година, примена сум во КПЈ, на предлог на Ирина Кнежевиќ.

Во ноември 1940 година, формирана е женска партиска ќелија, во станот на Лилјана Манева. Ќелијата ја формира Милева Сабо, како секретар на Првиот реонски комитет во Скопје, на иницијатива на Градскиот комитет на КП во Скопје (Periша Савелиќ). На состанокот присуствуваа: Денка Димовска, Лилјана Манева, Деса Миљовска, Милка Ивановска—Тиквар и Споменка Шикиќ. На вториот состанок во ќелијата беа: Ирина Кнежевиќ, секретар: членови: Деса Миљовска, Лилјана Манева и Споменка Шикиќ. Во тоа состав ќелијата беше сè до окупацијата.

Во рамките на Женската потрошувачка задруга, ќелијата создаде повеќе кандидатски, симпатизерски и просветни групи. Во кандидатските групи се обработуваше сиот партиски материјал, потоа Историјата на СКП (б), „Пролетер“ и др., како и прогресивна белетристика, Бебел, „Триесет денови“, „Књижевне свеске“, „Наша реч“ и др. Преку задругата, ќелијата растураше и партиски материјал.

Ирина Кнежевиќ беше лекар, на работа во Хигиенскиот завод во Скопје, таму и живееше. Деса Миљовска студираше на Филозофскиот факултет и партиски

---

1) Прилог: *Женската набавувачка задруга во Скопје — сеќавања на Споменка Шикиќ,* — статија печатена во „Просветна жена“, од април 1958 година.

беше свртена кон студентите. Љиљана Манева беше ангажирана во СКОЈ. Ова го велам затоа, бидејќи ќелијата не расправаше за Задругата и нејзината работа, ниту за работата на Ирина, на Љиљана и Деса. Состаноците на ќелијата минуваа во изградба на политички ставови и запознавање со политички информации, понекогаш со помош од партиските инсртуктори Тончи Колендиќ и Мустафа Карахасан. Зашто, принципите на тогашната конспирација не дозволуваа за задолженијата да се расправа во ќелијата, тука секоја од нас беше на посебна врска, таму поднесуваше извештаи и ги решаваше одделните проблеми.

По заминувањето на Жујовиќ, извештаи за Задругата и за женската ќелија му ги поднесував на Шарло и од него добивав директиви за Задругата и ќелијата.

По окупацијата, женската ќелија прими поголем број жени и младинки во Партијата: Ранка Карахасан, Дивна Богоева, Илонка Трајковска, Павлина Жерновска и др. Едно време, во тој период, секретар на женската ќелија беше и Ружа Бак.

## 3. ЖЕНСКА КОМИСИЈА ПРИ ПК НА КПЈ ЗА МАКЕДОНИЈА

По окупацијата, кон крајот на април, под раководство на Шарло, е формирана Женска комисија при ПК на КПЈ за Македонија. Секретар на Комисијата беше Шарло, а членови: Милева Сабо Филомена Михајлова и Споменка Шикиќ. Состанокот е одржан во простории наспроти зградата на Ташковиќ, во која по ослободувањето беше ЦК на СК на Македонија. На вториот состанок, Филомена отпадна, бидејќи, на барање на кумановската организација, замина во Куманово по партиска работа. На нејзино место дојде Веселинка Саздова—Крапчева.[2],[3])

Според тоа, не беше можно веднаш по окупацијата, при ПК на КП за Македонија да биде формирана комисија, во состав: Вера Ацева, Славка Фиданова и Милка Ивановска—Тиквар, како што е изнесена во Зборникот, на стр. 14, во фуснотата, под 2). Дотолку повеќе што авторот на оваа Комисија, Славка Фиданова, во материјалите „Скопје во НОБ 1941" (Симпозиум 1941( на стр. 233, тврди дека таа Комисија е организирана во август 1941 година. Во која комисија Славка Фиданова навистина беше? Дали во онаа, со која, како што тоа е наведено во Зборникот, на стр. 1222, раководеше Милева Сабо до капитулацијата на кралската Југославија (до окупацијата и не постоеше таква комисија). Па и Попевска Фиданова Бане Благојка била член на Комисијата за работа со жените при ПК КП за Македонија, како што е наведено на стр. 1209 од Зборникот се постава и прашањето: во која комисија Блага работела — во ко-

---

[2]) и [3]) Прилог: изјави од Милева Сабо (Носител на „Споменица 41", бр. 22112), и Веселинка Саздова—Кранчева.

мисијата до окупацијата, со која раководеше Сабо, или во комисијата, организирана веднаш по окупацијата (автор Славка Фиданова) или во комисијата, организирана во август 1941, (автор Славка Фиданова), бидејќи Благојка во ниедна од овие комисии не се споменува.

Тука е местото да напомнам, дека до август 1941 година не постоеше женска комисија при МК КП во Скопје, како што тоа е наведено во мојата биографија, на стр. 1309 од овој Зборник.

Комисијата, со која раководеше Шарло, со својата работа, ги опфати градовите Тетово, Гостивар и др. а истата година и беа дадени инструкции на Нада Богданова за организирање на Женска снабдувачка задруга во Битола.

По директива на Женската комисија при ПК на КПЈ за Македонија, Женската потрошувачка задруга ја продолжи работата под име Потребителна женска кооперација. Бидејќи полицијата, насетувајќи ја вистинската содржина на нејзината работа, ја укина Потребителната женска кооперација, Комисијата формира Женско дружество „Марија Лујза".

Кога окупаторот го укина и ова дружество, создадена е организација „Свежи струи", која не беше само младинска, и која работеше до крајот на 1942 година.

Ја користам околноста, кога веќе станува збор за биографиите на жените—борци, изнесени во Зборникот, да напомнам, дека би било пожелно да се дадат и податоци за нивната национална припадност, од што ќе се види учеството во НОВ на бројните националности што живеат во Македонија, на нивното единство и братство, како една од темелните придобивки на нашата Револуција.

Би сакала да го речам и тоа, дека во трудовите за Народноослободителната борба, најголем број од нашите научници сестрано и доследно ги афирмираат вредностите на нашата Револуција, пишувајќи објективно и ангажирано, што значи научно и одговорно. Еден мал број автори, меѓутоа, ги пренебрегнуваат дури и елементарните факти, а сопствените конструкции ги дигаат на ниво на „научни вистини". Без оглед на конкретните мотиви, таквите постапки единствено нанесуваат штета, бидејќи иако некои дела настанале од најдобри намери, — непочитувањето на фактите објективно значи фалсификување на Народноослободителната борба, а тоа сакале или не, има класна содржина.

Апстрактна вистина нема, вистината е конкретна. Тоа марсистичко начело важи и за сите размислувања за односот меѓу слободата на научното творештво и општествената одговорност која не може да ја одбегне никој кој делува јавно, било како научник или општествен работник.

Со надеж дека овие мои предлози ќе бидат земени предвид и ќе ползуваат при објавувањето на второто издание на Зборникот, како што тоа Редакцијата го има најавено, другарски Ве поздравувам.

12 октомври 1977 година,
во Скопје

(Споменка ШИКИЌ)

*„Носител на партизанска споменица 1941"*

број 28088

БЕОГРАД

27 март број 36

телефон: 340-817

## ГЛАСНИК, год. XX, Скопје 1976, бр. 3, 325 + Библиографија 240 страни

Органот на Институтот за национална историја „Гласник" бр. 3 од 1976 година излезе неодамна од печат. Овој број на списанието е јубилеен и посветен на 20-годишнината од неговото излегување. Во изминатите две децени тој е отпечатен во 46 броја на 14.000 страници, кои, според уводните зборови на Редакцијата, значат „огромен фактографски и идеен фонд цврсто вградени во самите темели на реконструкцијата и научното марксистичко толкување на историјата на Македонија".

Како и досегашните, така и овој јубилеен број ги содржи постојаните рубрики *Статии и Прилози, Материјали, Библиографија, Критика и Рецензии и Прикази.*

Во рубриката *Статии и Прилози* обработени се 10 теми. Уводните страници на истата се посветени на пристапното предавање на Јосип Броз Тито кое го одржа на ден 21 декември 1976 година во Белград при промовирањето за прв доктор на воените науки во Југославија, чии наслов, даден од Редакцијата, гласи *Нашето ослободување е наше дело* (с. 11—31). Во него е опфатена антифашистичката борба на КПЈ пред Втората светска војна и нејзината улога во преземањето на конкретни мерки за одбрана на независноста на земјата поради наближувачката опасност од фашистичка агресија со формирање во 1940 година при ЦК КПЈ на Воен штаб, а потоа се изнесува упорната работа на КПЈ уште од првите денови на окупацијата за организирање и водење општонародна војна (а не „герила" или „движење на отпор"!) со поведување и ангажирање сè поширoки слоеви од населението во ослободителната борба која се води на целата територија на Југославија; потоа за целите на Народноослободителната борба; за бројното растење на народноослободителна вој-